УДК 39(497.711)"19"(049.3)

# Светиева Анета (ур.), *Етнографија и антрополошка топографија на Скопско во XX век*, Музеј на град Скопје, Скопје 2011, ISBN 987-608-233-004-4

Зборникот *Етнографија и антрополошка топографија на Скопско во XX век*, уреден од проф. д-р Анета Светиева, е издаден од страна на Музеј на град Скопје, во Скопје во 2011 година. Во зборникот се вклучени трудови од пет автори истражувачи.

Зборникот е резултат на истражувања во рамките на првично насловениот проект „Аспекти на материјалната култура во Скопско", започнат со цел да се даде слика за случувањата во Скопско во 20 век, како и поради интересот на етнолозите и антрополозите за подобро истражување на сегашноста. Меѓутоа, во текот на работата тематската структура се променила под влијание на податоците за промените предизвикани од динамиката на 20 век.

20 век во Македонија претставува исклучително динамичен период. Поради тоа, петте автори истражувачи што учествувале во проектот определиле неколку теми што требало да функционираат како „лакмуси на промените" во периодот кога Македонија преминувала од феудализам во капитализам. Како резултат, првичниот наслов бил заменет со конечниот наслов „Етнографија и антрополошка топографија на Скопско во XX век". Крајниот зборник претставува слика за општествените промени, процесите на културните промени, како и причините и последиците од тие настани во Скопско во текот на 20 век.

Учесници со своите трудови се д-р Анета Светиева, д-р Љупчо Ристески, Алла Качева, м-р Славица Христова и м-р Татјана Ѓорѓиовска. Секој од овие автори дава широки увиди и гледишта за состојбата на општествената динамика во областа на Скопско во периодот на минатиот век. Како заклучен текст, авторот д-р Боне Величковски претставува преглед на библиографија од статии, монографии и друг вид текстови објавени на крајот од 19 век и во текот на 20 век.

Текстот на д-р Анета Светиева, „Скопско во 20 век", претставува обид за дефинирање на скопските етнографски предели и нивните културни карактеристики во 20 век. Д-р Светиева ги обработува етнографско-територијалните промени во Скопско, односно скопските етнички предели и динамичните промени на нивните граници заедно со нивната етничка култура, видлива преку вербалните и невербалните етнички симболи. Во првиот дел се дадени кратки етнографски податоци за Скопско. Во овој дел се спомнува административната слика на крајот на 19 и почетокот на 20 век, кога пределот бил поделен во шест кола, помали територијални целини како остатоци од времето на тимаро-спахискиот воен феудализам. Овие скопски колови биле утврдени од страна на Јован Хаџи Василевиќ и се познати како: 1. Црна Гора (Карадаг), 2. Горно Блато, 3. Долно Блато – Чаирлија, 4. Враништа (Каргал'к), 5. Каршијака и 6. Дервен. Д-р Светиева користи податоци за етнички симболи и јазични карактеристики за обработка на етничките процеси на Скопско. Во вториот дел од текстот подетално се обработени скопските етнографски предели: Скопска Црна Гора, Скопска Блатија, Каршијак со Скопска Торбешија, Кучково и Скопски Дервен. Обработката на овие предели е проследена со различните мислења на авторите во однос на пределската, културната, административната, структурната и опш-

тествено-економската припадност на одделни села. Д-р Светиева во нејзиниот труд се соочила со голем недостиг на македонски етнографски и етнолошки истражувања. Сепак, таа успева да даде слика за општествено-територијалните состојби во Скопско со употреба на фрагментирани податоци од различно потекло и го следи текот на промените на етнографијата и антрополошките топографии на пределот.

Д-р Љупчо С. Ристески е вториот автор чиј труд го комплементира зборникот. Во неговиот текст, „Митско-религиските и општествено-економските аспекти на културната топографија на традициското село на примери од Скопско", д-р Ристески прави обид да ги согледа митско-религиските и општествено-економските аспекти на перцепција на селскиот простор, осврнувајќи се на карактеристиките на сретселото, селскиот простор и граничната линија. Текстот се однесува на меѓузависноста на митско-религиските и општествено-економските аспекти за појавата, траењето и губењето на некои религиски форми на мислење и дејствување. Меѓу постапките и просторите што авторот ги обработува се основањето на селото, како една од најважните постапки во митско-религискиот и општествено-економскиот живот на заедницата; сретселото, како синоним на селото со оглед на тоа што таму се одвива главниот јавен живот на заедницата; обележувањето на границите (синори или меѓи, меги), како потребен аспект за да профункционира селскиот ентитет со издвојување на просторот од другите; маалскиот систем на организација на просторот, како определувачки фактор во структурата на селската заедница; и гробиштата, кои според народните претстави секогаш имаат централно место во организацијата на селскиот простор.

Третиот автор, Алла Качева, во статијата „Енергетските извори во домаќинството во Скопско во 20 век" ги изнесува резултатите од истражувањата на навиките и промените во однос на изворите на енергија во домаќинствата во селата и населбите во Скопската околија во текот на 20 век. Предмет на интерес е начинот на живот во селата Горно и Долно Лисиче, населбата Пинтија, селото/населбата Драчево и во селото Бардовци. Текстот се однесува на енергијата во домот проследена од меморирани податоци за елементарните начини на обезбедување енергија до воведување на електрична струја, видени како клучни факори во динамичните промени на културата на домувањето. Качева првично го разгледува развојот на градбата на куќите во однос на огништето. Таа дава важни забелешки за огништето, од отворен и полуотворен тип, во старите селски куќи. Качева исто така пишува за појавата на огнот и огништето како невербални симболи на вечноста на семејниот и родовскиот живот. Понатаму авторката ги забележува промените на земјоделското селско население во земјоделско-работничка група. Општествениот фактор, како и влијанието на брзиот развој на индустриското производство придонеле за употребата на различните методи на затоплување во домовите: црн и бел шпорет, ќунци, оџак, тврдо гориво – дрва, лепешки од добиток, јаглен, ќумур, пепел, мангал, фурна и казарница. Авторката исто така преминува на воведувањето струја во Скопско и на почетокот на употребата на електричната енергија како топлотна, во форма на електричен шпорет. Во крајниот дел таа дава податоци за развојот на вештачката светлина и видовите на осветлување во куќите во 20 век. Таа започнува со употребата на борината и понатаму продолжува со светилки, ламби на газија, свеќи и електрични светилки.

М-р Татјана Ѓорѓиовска учествува со нејзиниот труд „Скопските приградски населби и села во светлината на општествената, економската и демографската динамика во 19 и 20 век". Истражувањето е обид за проучување на културните влија-

нија поврзани со потеклото на населението во приградските скопски населби и села и нивниот одраз врз материјалната култура на населението. Во трудот се опфатени прегледи на населби и села во непосредна близина на Скопје: с. Горно Лисиче, с. Долно Лисиче, с. Драчево, с. Бардовци и населбата Пинтија. Ѓорѓиовска започнува со кратки културно-историски и демографски податоци за Скопје и Скопско, каде што ги опфаќа населувањата и првите пишани извори за селата, населбите и населението во турскиот период, демографските движења од почетокот на 20 век до Втората светска војна и миграционите процеси во селата Драчево, Горно и Долно Лисиче, Бардовци од 1948 година до денес. Во вториот дел таа дава слика за современата состојба на етничките карактеристики на населението во приградските населби и селата Драчево, Горно и Долно Лисиче, Бардовци и Пинтија, каде што опфаќа аспекти од материјалната култура, стопанството, исхраната, облекувањето и забавата. Во наредниот дел Ѓорѓиовска ги разгледува периодите и интензитетот на доселувањата во скопските села. Авторката дава и детални етнографски податоци за доселениците, за комуникацијата на доселениците од местото од каде што се отселиле и одразот на потеклото на македонското население врз материјалната култура на приградските населби и села.

Авторката м-р Славица Христова, во нејзиниот текст „Социјалниот аспект на народната носија во четири населби од околината на Скопје“ го обележува големото значење на народната носија како невербален етнички симбол на скопските етнички заедници до средината на 20 век. Нејзиниот текст се потпира врз истражувањата на народната носија, украсувањето и текстилното народно творештво во приградските села и населби во Скопско: Драчево, Горно Лисиче, Долно Лисиче и Бардовци во периодот од 2001 до 2004 година. Христова првично дава основни податоци за народната носија во Скопско, социјални аспекти на народната носија, обредни елементи, знаци, статусни обележја и симболи, кои ја претвораат носијата во показател на општествената хиерахија. Понатаму таа ги разгледува факторите на влијанија, промени и губење на народната носија, и крајното одржување на традицијата како негување на семејната и етничката свест. Христова го следи процесот на губење на носијата и појавата на свесни сознанија на луѓето за носијата како видлив знак на идентитет што иницирало реафирмирање на носијата како локален општествен и поширок национален белег во одредени прецизно нормирани денови на празници.

На крајот е приложена Библиографија на прилози за етнологијата и фолклорот на Скопје и Скопско, подготвена од д-р Боне Величковски. Збирот е преглед на библиографијата од статии, монографии и друг вид текстови објавени во последната деценија на 19 век и во текот на 20 век.

Зборникот „Етнографија и антрополошка топографија на Скопско во XX век“ дава голем број важни согледби за општествените промени во Скопско во текот на 20 век низ призмата на 21 век. Текстовите вклучени во зборникот успешно ја остваруваат замислената цел на авторите да се препознаат процесите поврзани со културните промени и да се поврзат во низа причините и последиците од тие настани и рефлексиите што се актуелни до денешни дни. Со напорите вложени на авторите за истражување на социјалните, економските и обредните аспекти на народната култура, овој зборник претставува солидна почетна точка и повод за понатамошни истражувања на културните феномени во Скопско во 20 век и денес.

Еда Старова